ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

01 2023 09 01

Скопје, февруари 2023 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за државни патишта, за 2022 година.

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2022 година и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2015 година, при што овластениот државен ревизор се воздржа од изразување мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и изрази неповолно мислење за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Во февруари 2018 година, извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2015 година, при што е констатирано дека од вкупно дадени 16 препораки, 8 препораки се спроведени, 4 препораки делумно се спроведени, во тек е спроведувањето на една препорака и 3 препораки не се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ЈП за државни патишта за 2022 година, ги утврдивме следните состојби:

- недостаток на системски и аналитичен пристап и недоволна подготвеност при планирање, проектирање, градење и реконструкција на патни делници низ државата, што предизвикува зголемување на вредноста на склучените договори и пролонгирање на рокот за изградба/реконструкција на делниците;
- несоодветно воспоставена сметководствена евиденција на материјалните средства во подготовка, поради што истите не се прикажани како градежни објекти;
- неправилно утврдена даночната основа и за 27.525 илјади денари помалку пресметан и уплатен данок на добивка во Буџетот на Република Северна Македонија;
- пописот на средствата и обврските не е спроведен во целост и на начин уреден согласно Правилникот за вршење на попис;
- неправилно определување на набавната вредност на државните патишта како основа за пресметка на амортизација;
- не е извршено вредносно усогласување на побарувањата и нивно евидентирање по објективна вредност;
- утврдени се неправилности во начинот на управување и евидентирање на залихите на материјали и ситен инвентар;
- не се врши резервирање на трошоците за отпремнина и јубилејна награда во временскиот период кога настанале;
- не е донесена петгодишна програма за извршување на работите од јавен интерес поради што не се создадени услови за долгорочно управување со развојот и одржувањето на државните патишта;

- не евидентирани линиските инфраструктурни објекти во катастарот на инфраструктурни објекти во АКН;
- нецелосно трансферирани средства на општините и нереално и необјективно искажување на податоците за приходи, расходи и обврски врз основа на наплатен надоместок за патна такса, во деловните книги и финансиските извештаи;
- несоодветно воспоставена и пополнета единица за внатрешна ревизија и
- привремено ангажирање на поголем број работници и над максималниот период за кој привремен работник може да биде ангажиран, поради необезбедени согласности за финансиски средства од надлежното министерство.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување за прашања за неизвесност и континуитет ревизијата обелоденува за:
- состојбата на обврските по земени долгорочните заеми од меѓународни финансиски институции за инвестирање во активности за изградба, реконструкција и одржување на државни патишта, кои на крајот на 2022 година изнесуваат 52.119.897 илјади денари;
- судските постапки пред надлежните судови, каде ЈП за државни патишта, се јавува во својство на тужена страна и тужител;
- започнатите активности за проектирање, изградба и подготовка на проектната документација за градењето на Коридорот 8 и Коридорот 10 д, како значаен инфраструктурен проект кој во периодот кој следи ќе треба да има градежни активности поврзани со значителен одлив на финансиски средства и
- состојбата со наплатните станици и степенот на користење на електронскиот систем за наплата на патарини.

Во делот на клучни прашања, известуваме за изградбата на патната делница Кичево – Охрид врз основа на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патната делница Миладиновци – Штип и патната делница Кичево – Охрид. При тоа истакнуваме дека недостатоците во проектната документација, нерешените експропријации на земјиштето, како и недоволните човечки и технички ресурси од страна на изведувачот, влијаеле на пролонгирање на процесот на изградба и предизвикале дополнителен одлив на финансиски средства над првично договорените.
Од страна на директорот на ЈП за државни патишта, доставени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел од нив претставуваат известување за преземени мерки и активности по утврдени состојби и дадени препораки, како и известување за причините кои довеле до утврдената состојба, а дел од забелешките не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на утврдените состојби.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 3 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 3 |
| 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи | 4 |
| 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 14 |
| 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 20 |
| 5. Клучни ревизорски прашања | 25 |
| 6. Законска основа за ревизијата и временски период | 30 |
| 7. Опфат и ограничувања | 30 |
| 8. Одговорност за финансиски извештаи | 30 |
| 9. Одговорност на ревизорите | 31 |
| 10. Одговор на ревидираниот субјект | 32 |
| Финансиски извештаи за 2022 година: | |
| Биланс на успех | 33 |
| Биланс на состојба | 34 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 35 |
| Извештај за паричниот тек | 36 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 37 |
| Сметководствени политики | 40 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 51 |

Прилози:

Прилог број 1 – Преглед на проекти чија реализација е во тек  
Прилог број 2 – Преглед на завршени проекти кои се водат како материјални средства во подготовка  
Прилог број 3 – Преглед на нереализирани проекти  
Прилог број 4 – Преглед на промени на долгорочните кредити во 2022 година  
Прилог број 5 – Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор  
Прилог број 6 – Одговор на забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АКН | Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ДБ | Даночен биланс |
| ЕУ | Европска унија |
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |
| ЗТД | Закон за трговските друштва |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| МСС | Меѓународни сметководствени стандарди |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| НО | Надзорен одбор |
| НР | Народна република |
| УО | Управен одбор |
| УЈП | Управа за јавни приходи |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 19-198/9
**Дата:** 18.12.2023

## 1. Вовед

Согласно Законот за јавните патишта[1], ЈП за државни патишта е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта Скопје. Основано е во 2012 година со Одлука[2] донесена од Владата на Република Македонија и запишано во Централниот регистар на Република Северна Македонија[3]. ЈП за државни патишта како вршител на дејност од јавен интерес е одговорно за управување, планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување, заштита на државни патишта во Република Северна Македонија, како и за наплата на патарина.

Во периодот на вршење на ревизијата, вкупната должина на државни патишта изнесува 4.761 km. Главни оски на државната патна мрежа претставуваат двата Пан-европски коридори, Коридор 8 (исток – запад) и Коридор 10 (север – југ). Во Република Северна Македонија, патниот транспорт има најголемо учество во вкупниот превоз на стоки и патници, а националниот превоз доминира над меѓународниот и транзитниот превоз. Исто така, патниот превоз доминира над железничкиот превоз.




Слика број 1 – Државни патишта и нивна класификација

[1] Законот за јавни патишта (Службен весник на Република Македонија бр. 84/08, 52/09, 114/09, 39/10, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 174/21)
[2] Одлука за основање бр. 41-10147/1 од 28.12.2012 година (Службен весник на Република Македонија" бр.1/13)
[3] под број 30120130000228 со ЕМБС 6839673 на ден 03.01.2013 година

На Слика број 2 прикажани се државните патишта со ознака "А", кои се категоризираат како автопатишта, експресни и магистрални патишта и нивната распространетост на територијата на државата.




Слика број 2 –Територијална распространетост на автопатишта, експресни и магистрални патишта во Република Северна Македонија

- A1 - Граница со Република Србија (ГП Табановце) - Куманово - Велес - Неготино -Демир Капија - Гевгелија - граница со Република Грција (ГП Богородица) и делница Градско – Прилеп
- А2 - Граница со Република Бугарија (ГП Деве Баир) - Крива Паланка - Страцин - Романовце - Куманово - Миладиновци - обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Република Албанија (ГП Ќафасан)
- А3 - Крстосница Требениште (врска со А2) - крстосница Подмоље - Охрид - Косел-Ресен - Битола - Прилеп - Велес - Штип - Кочани - Делчево-граница со Република Бугарија (ГП Рамна Нива) и делница Битола (Крстосница Кукуречани) - граница со Република Грција (ГП Меџитлија); делница Косел (врска со А3) - Охрид - граница со Република Албанија (ГП Љубаништа)
- А4 - Граница со Република Косово (ГП Блаце) - Крстосница Стенковец обиколница Скопје - Петровец - Миладиновци - Свети Николе - Штип - Радовиш - Струмица - граница со Република Бугарија (ГП Ново Село)

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи од страна 33 до страна 36 на Јавното претпријатие за државни патишта за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Преглед на промени на капиталот и резервите, Извештај за паричниот тек и применетите сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи и
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие за државни патишта за 2022 година со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното претпријатие за државни патишта на ден 31 декември 2022 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие за државни патишта, за 2022 година, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи

3.1.1. На крајот на 2022 година, материјалните средства во подготовка кои се однесуваат на изработка на проектна документација, извршена експропријација, изградба, реконструкција и рехабилитација на државните патишта и нивен надзор изнесуваат 55.048.838 илјади денари и истите претставуваат 46% од вкупните материјални средства, односно 45% од вкупната актива на ЈП. Проектите кои се реализирани, како и оние чија реализација е во тек се финансирани од сопствени средства и средства кои се обезбедени од повеќе кредитни линии, врз основа на склучени договори за заеми со меѓународни финансиски институции, а во согласност со одредбите од донесени закони за задолжување.

Во Прилозите број 1, 2 и 3, кои се составен дел на овој извештај, подетално се прикажани информации за материјалните средства во подготовка по проекти, во зависност од степенот на нивна реализација и тоа: проекти кои се во тек, завршени проекти кои се уште се водат како материјални средства во подготовка и нереализирани проекти, а на Графикон број 1 сликовито е прикажана нивната процентуална застапеност.



Графикон бр.1 – Степен на завршеност на проектите

Со извршениот увид во деловните книги на ЈП за државни патишта ги утврдивме следните состојби:

- Најголем дел или 70% од материјалните средства во подготовка (38.693.977 илјади денари) претставуваат проекти чија реализација е во тек (Прилог број 1). По наведените проекти во 2022 година доставени се времени ситуации во вкупен износ од 7.235.097 илјади денари. Од анализата констатиравме дека десет проекти се однесуваат на изградба и надградба, рехабилитација и реконструкција на патни делници и за истите до крајот на 2022 година инвестирани се 38.235.687 илјади денари, додека еден проект е за изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини, за чија реализација инвестирани се 458.290 илјади денари. Според податоците за износот на инвестирани средства заклучно со 2022 година, како и според должината на патната делница која се гради, најголем проект претставува

изградбата на патната делница Кичево – Охрид. Инвестициите за оваа делница изнесуваат 31.597.364 илјади денари или 57% од вкупните материјални средства во подготовка, додека должината на патната делница е 56,7 km, односно за изградба на еден километар од патната делница, до крајот на 2022 година инвестирани се 557.273 илјади денари (приближно 9 милиони евра). Според направените анализи, следна по големина делница според износот на инвестирани средства и нејзината должина е надградбата и развојот на патот - Ранковце - Крива Паланка[4], со инвестирани средства во вкупен износ од 2.774.354 илјади денари и должина од 25,5 km, додека според цената на чинење за еден километар следна по големина е автопатската делница Скопје – Блаце со износ од 362.978 илјади денари (приближно 5,9 милиони евра), со вкупна должина од 2 km. Со најниска цена на чинење за еден километар е регионален пат, делница Извор – Гарски мост, чија должина е 19 km, при што за изградба на еден километар од делницата инвестирани се 30.152 илјади денари (приближно 489 илјади евра).

Со ревизијата утврдивме дека кај дел од проектите појавени се непредвидливи и дополнителни работи, поради што било потребно да се направат измени и дополнувања на основниот проект (варијации), чии број се движи од една до 42 промени соодветно по проект, што предизвикало зголемување на вредноста на склучените договори и пролонгирање на рокот за изградба/реконструкција на делниците. Од спроведените анализи утврдивме дека најголемо зголемувањето на вредноста на склучениот договор од 45% има при изградбата на патната делница Кичево – Охрид, зголемување од 24% има кај изградбата на делницата Крива Паланка – Длабочица, додека 22% при изградбата на делницата Крива Паланка – Деве Баир (граница со Бугарија). Во однос на рокот за изведување на градежните работи, во сите проекти пројавена е потреба од пролонгирање на активностите и продолжување на рокот за изградба. Продолжувањето на рокот за градење на делниците изнесува од осум месеци до шест години, при што најголемото пролонгирање на рокот е кај изградбата на патната делница Кичево – Охрид. Причините за отстапување и пролонгирање на рокот за градење кај оваа делница се подетално обелоденети во точка 5 од извештајот – „Клучни ревизорски прашања“.

Наведените состојби укажуваат на отсуство на системски и аналитичен пристап и недоволна подготвеност при планирање, првично проектирање, градење и реконструкција на патни делници низ државата. Имајќи во предвид дека овие активности претставуваат работи од јавен интерес, долгиот временски период на градење на делниците не овозможува безбеден и непречен сообраќај во државата како што е уредено со член 25 од Законот за јавните патишта. Истовремено, оваа состојба не овозможува

[4] Лот 1- Изградба на делница Длабочица - Страцин (Чатал) и Лот 2- Изградба на делница Крива Паланка - Длабочица

претпријатието дејноста да ја врши ефикасно, да обезбеди заштита и унапредување на добрата од општ интерес, квалитетно задоволување на потребите на корисниците и не овозможува развој во согласност со барањата од член 13 од Законот за јавните претпријатија.

- За 26% од материјалните средства во подготовка (14.430.650 илјади денари), утврдивме дека претставуваат 21 проект за изградба, рехабилитација и реконструкција на патни делници и изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини, кои се ставени во употреба и се користат, но во сметководствената евиденција на претпријатието не се соодветно признати како недвижности (Прилог број 2). Според расположливите податоци на ЈП за државни патишта најголемите износи за овие инвестиции се однесуваат на изградбата на патната делница експресен пат А4 Штип – Радовиш (4.508.879 илјади денари) која од 2021 година е ставена во употреба и локалните патишта кои биле завршени во 2015 и 2016 година (4.227.687 илјади денари). Според надлежните вработени причини за овие состојби се: неизвршен технички прием поради нерасчистени имотно – правни односи при експропријација на земјиште, изградени локални патишта кои не се предадени на општините, изградена и непредадена делница со Министерство за финансии и несоодветна алокација на инвестиции по проекти.

  Состојбата со локалните патишта е констатирана и во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година, при што иако овластениот државен ревизор препорачал да се изврши примопредавање со општините на завршените инвестиции кои се однесуваат на подобрување на општинската патна мрежа, по истото не е постапено.

  Наведените состојби укажуваат на несоодветно воспоставена сметководствена евиденција на материјалните средства во подготовка, при што истите претставуваат ненавремено признати градежни објекти. Овие средства генерираат приход, без притоа да бидат признаени соодветни расходи, односно за нив не е пресметан и признаен трошок за амортизација во претходниот период и во тековната 2022 година. Утврдените состојби не се во согласност со член 472 став 3 и 4 од Законот за трговски друштва со кои е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, како и со барањата од Правилникот за водење на сметководството во однос на признавањето на средствата точки 7 и 10 од МСС 16 – Недвижности постројки и опрема, што влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства во Билансот на состојба и расходите во Билансот на успех за 2022 година.

Надлежните вработени во март и јуни 2023 година, за дел од материјални средства во подготовка во износ од 6.374.045 илјади денари спровеле активирање и соодветно сметководствено евидентирање.

- Во периодот од 2015 до 2022 година направени се вложувања во проекти и недовршени градби, трошоци по основ на камати, еднократни и провизии за неповлечени средства, експропријации и други непознати трошоци, во вкупен износ од 1.924.211 илјади денари[5], за кои поради недоволни информации и/или соодветна документација не е позната потребата од нивна набавка и нивната употребна вредност, а за дел од нив во вкупен износ од 650.040 илјади денари не е можно да се направи соодветна алокација по делници (Прилог број 3). Најголем дел или 88% од овие вложувања потекнуваат пред и за време на 2015 година, односно поради изминат подолг временски период постојат тешкотии при обезбедувањето на валидни и веродостојни документи.

  Наведените состојби претставуваат нерационалното користење на јавни средства и ја доведуваат во прашање нивната оправданост, што не е во согласност со член 13 од Законот за јавните претпријатија со кој е уредено дека претпријатието својата дејност треба да ја врши ефикасно и на начин што обезбедува заштита и унапредување на добрата од општ интерес. Истовремено, отсуството на соодветна алокација на вложените средства, не е во согласност со член 472 став 3 од Законот за трговски друштва со кои е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни и комплетирани, што влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства во Билансот на состојба и расходите во Билансот на успех за 2022 година.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- обезбедување на сите услови за систематичен и аналитичен начин на постапување од страна на сите вклучени страни (проектантите, ревидентите, надзорот, изведувачите и инвеститорот) при планирањето, проектирањето, градењето и реконструкцијата на патните делници, а во случај на сомнеж во исправноста во постапката при изградба на објектите за кои се тие инвеститори, да покрене постапка до надлежните институции за соодветни одземање на нивните лиценци[6] и

[5] проекти (843.547 илјади денари), камати, еднократни провизии и провизии за неповлечени средства (650.040 илјади денари), експропријации (315.174 илјади денари), недовршени градби (35.048 илјади денари) и други непознати трошоци (80.402 илјади денари)

[6] Насоки дадени од Влада, согласно Записник од 80-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17.07.2018 година и Записник од 181-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29.08.2023 година.

- утврдување на фактичката состојба на материјалните средства во подготовка, нивно реално и објективно прикажување и евидентирање во деловните книги согласно регулативата.

3.1.2. Во Даночниот биланс за оданочување на добивката – образец “ДБ”, доставен до УЈП на 14.03.2023 година, ревизијата констатира дека е утврдена даночна основа во износ од 3.727.914 илјади денари како збир на финансискиот резултат утврден во Билансот на успех во износ (3.673.471 илјади денари) и непризнаени расходи за даночни цели (54.443 илјади денари). Даночната основа е намалена за износот на извршените вложувања од добивката и добиена е даночна основа по намалување во износ од 2.254.238 илјади денари односно пресметаниот данок на добивка е 225.424 илјади денари.

Од извршениот увид во поединечните позиции од ДБ и проверката на веродостојноста и точноста на документацијата по која е извршено оданочувањето на резултатот од работењето по годишната сметка за 2022 година, утврдивме дека одделни позиции погрешно се пресметани, поради што износот на непризнаени расходи за даночни цели е помал за 275.247 илјади денари и треба да изнесува 329.690 илјади денари. Оваа состојба произлегува од позициите:

- **“Трошоци за организирана исхрана и превоз над износите утврдени со закон”**, при што пресметан е износ од 20.610 илјади денари односно оданочен е вкупниот износ за организиран превоз на вработени на наплатни станици, без да се намали за износите утврдени со закон, што не е во согласност со член 9 став 1 точка 3 од Законот за данок на добивка[7]. Поради специфичниот начин на пресметка и недоволни информации за бројот на вработените, цената и релацијата на билетот во јавниот превоз во одреден период, не бевме во можност да извршиме соодветно квантифицирање на можната разлика со оданочениот износ;
- **“Осигурителни премии кои ги плаќа работодавачот во корист на членови на органите на управување и на вработени”** , на која повеќе е искажан износ од 389 илјади денари, бидејќи истиот се однесува на колективно осигурување на вработените кое претставува даночно признат расход, што не е во согласност со член 9 став 1 точка 12 од Законот за данок на добивка;
- **“Парични и даночни казни, пенали и казнени камати за ненавремена уплата на јавни давачки и на трошоци за присилна наплата”** , на која повеќе е искажан износ од 31.799 илјади денари, што не е во согласност со член 9 став 1 точка 14 од Законот за данок на добивка и
- **“Трошоци за амортизација на материјални и нематеријални средства“**, на која утврдена е помала основица за пресметување на данок на добивка

[7] Закон за данокот на добивка - Службен весник на Република Македонија број 112/14, 44/15, 129/15, 23/16, 190/16, 248/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 158/19, 232/19, 275/19, 290/20, 151/21 и 199/23

во вкупен износ од 307.439 илјади денари, поради примена на повисоки стапки за амортизацијата од пропишаните согласно Номенклатурата на средствата за амортизација кај нематеријалните средства[8] и автопатиштата, што не е во согласност со член 9 - а точка 2 од Законот за данок на добивка.

Поради овие состојби, утврдена е помала даночната основа и за 27.525 илјади денари пресметан и уплатен е помал износ на данок на добивка во Буџетот на Република Северна Македонија.

Во прилог кон добиените забелешки од 18.01.2024 година, од страна на директорот на ЈП за државни патишта доставени се докази дека на 27 декември 2023 година во Буџетот на Република Северна Македонија уплатен е помалку пресметаниот данок во износ од 27.525 илјади денари.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за точно пресметување на позициите во ДБ, а со тоа и точно утврдување на даночната основа и пресметување на данокот на добивка.

3.1.3. Согласно одредбите од Законот за трговските друштва, ЈП за државни патишта има обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот. За таа цел претпријатието има донесено Упатство за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичка состојба утврдена со пописот[9]. За вршењето на пописот во 2022 година донесена е Одлука[10], со која се формирани две пописни комисии. По завршениот попис пописните комисии изготвиле Извештаи[11] за извршениот попис на средствата и изворите на средствата на ЈП за државни патишта со состојба на ден 31.12.2022 година, кои со Одлуки се усвоени од УО[12]. Со извршената ревизија на презентираниот пописен материјал, констатирани

[8] софтвер за системи за управување со мостови, лиценци за антивирус, изработка на web сервис за споделување на информации за вработените, лиценци за систем за бекап на сервери и компјутери, Software Update Licence & Support

[9] Упатство за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичка состојба утврдена со пописот бр.03-10151/1 од 23.09.2016 година

[10] Одлука за формирање на комисии за попис на средствата и изворите на средствата за 2022 година во Јавно претпријатие за државни патишта бр.02-13030/1 од 29.12.2022 година

[11] Извештај за извршен попис на основни средства и ситен инвентар во Јавно претпријатие за државни патишта со состојба 31.12.2022 година бр.02-1775/1 од 23.02.2023 година
Извештај за извршениот попис на состојбата на парични средства, побарувања, обврски и материјално работење на Јавно претпријатие за државни патишта со состојба 31.12.2022 година бр.02-1508/1 од 15.02.2023 година

[12] Одлука за усвојување на Извештајот за попис на основни средства и ситен инвентар за 2022 година бр.02-2030/6 од 02.03.2023 година и Одлука за усвојување на Извештај за попис на состојбата на салдата на парични средства, побарувања, обврски и материјалното работење на Јавно претпријатие за државни патишта за 2022 година бр.02-2030/9 од 02.03.2023 година

се наведените состојби:

- пописните комисии за извршување на пописот немаат изработено план за работа, што не е во согласност со член 10 став 1 од Правилникот[13];
- во пописните листи за градежните објекти недостасуваат податоци кои поблиску го опишуваат објектот (локација, имотен/евидентен лист, површина/должина), што не е согласно член 11 точка 1 од Правилникот;
- при попис на заемите (долгорочните и краткорочните финансиски обврски), пописната комисија нема побарано писмена потврда од кредиторот за потврдување на салдото, како што е уредено со член 7 став 1 точка 2 од Правилникот.
- средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и слично не се попишани на посебни пописни листи, а расходот е нотиран во извештајот на пописната комисија, што не е во согласност со член 10 став 10 од Правилникот и
- извештаите за извршениот попис не ги содржат податоците за: преглед на материјални (физички) и вредносни разлики меѓу фактичката и сметководствената состојба, причините за разликите и забелешки и објаснувања во врска со утврдени разлики дадени од лицата кои ракуваат со средствата, како што е предвидено во член 12 од Правилникот.

Наведениот начин на вршење попис не е во согласност со член 473 став 1 од Законот за трговските друштва и истиот не обезбедува целосно усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичка состојба утврдена со пописот што влијае врз реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември како и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да ги преземат следните мерки:

- пописни комисии пред започнување на пописот да изготват план за пописните активности;
- при вршење на попис таму каде е потребно да се внесат податоци кои поблиску го опишуваат средството;
- средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и слично да се попишат на посебни пописни листи;
- обезбедување писмена потврда за салдото на обврските спрема кредиторот, како и утврдување на можноста од наплата на побарувањата и застареност на обврските и
- извештаите од пописните комисии да ги содржат сите податоци кои се предвидени со Правилникот.

[13] Правилник за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, (Службен Весник на Република Македонија, бр. 107 од 2011 година)

3.1.4. Државните патишта се состојат од долен и горен строј, а нивната набавна вредност ја сочинуваат вкупните трошоци кои се вклучени во нивната изградба[14], додека во основицата за пресметување на амортизацијата се вклучува само вредноста на горниот строј (газечките површини кои се трошат). Трошоците за амортизација се пресметуваат во согласност со МСС 16 - Недвижности, постројки и опрема и МСС 38 – Нематеријални средства, Уредбата за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства[15] и усвоените сметководствени политики[16] на ЈП. Во 2022 година трошоци за пресметана амортизација на нематеријални и материјални средства изнесуваат 1.987.876 илјади денари и претставуваат 21% од вкупните трошоци на претпријатието.

Со извршената ревизија утврдивме дека при пресметка на амортизацијата на патиштата во основицата не се вклучени трошоците за позајмување (камати и курсни разлики), кои се капитализирани како дел од набавната вредност на средството[17], поради што помалку се пресметани трошоци за амортизација. Оваа состојба не е во согласност со член 472 став 3 од ЗТД, со кој е пропишано дека сите податоци во трговските книги мора да бидат целосни, комплетни и навремени и влијае на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај – Биланс на успех, реалноста на остварениот финансиски резултат од работењето и Даночниот биланс за 2022 година.

**Препорака**

Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за точно определување и евидентирање на набавната вредност на средствата како основа за пресметка на амортизација.

3.1.5. На крајот на 2022 година вкупните побарувања од купувачите во земјата изнесуваат 7.843 илјади денари, а се однесуваат на побарувања од физички и правни лица по основ на надоместок за вонреден превоз, ненаплатени патарини, поставување на натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта, надоместок за приклучување на пристапен пат кон државен пат, надоместок за поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас, поставување на базни станици и електронска наплата на патарина и други услуги.

---

[14] Трошоци за изградба или реконструкција, изработка на проектна документација, трошоци за надзорен орган, експропријација на земјиште, трошоци за позајмување (камати и курсни разлики) до нивното активирање, останати трошоци настанати за доведување на објектот спремен за употреба.

[15] Службен весник на Република Северна Македонија бр.277/19

[16] Сметководствени политики на ЈП за државни патишта бр.02-12784/8 од 01.12.2016 година

[17] Точка 2.3 и 3 од Сметководствени политики на ЈП за државни патишта бр.02-12784/8 од 01.12.2016 година

Со извршената ревизија утврдивме дека побарувањата не се искажани според нивната објективна вредност. Имено, 80% од вкупните побарувања се постари од три години, при што ЈП за државни патишта не извршило нивно вредносно усогласување. За овие побарувања од страна на надлежните лица преземени се сите законски мерки за наплата, односно издадени се налози за извршување кај нотар, но истите сѐ уште не се наплатени и постои неизвесност во врска со нивната наплатливост. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со Правилникот за сметководство МСС 18 точка 22 каде е уредено дека, во случај на неизвесност за наплатливоста на износот кој веќе е вклучен во приходот, ненаплатливиот износ или износот чие надоместување не е повеќе веројатно, се признава како расход. Истовремено, оваа состојба не е во согласност и со усвоените Сметководствени политики на ЈП за државни патишта точка 6.1., каде е пропишано дека во случај кога едно побарување се смета за ненаплатливо се отпишува во корист на сметката за исправка на вредноста, по претходно спроведена анализа од страна на ЈП за државни патишта за правниот субјект/физичкото лице, при што се земаат во предвид староста на побарувањето и обезбедените инструменти за негова наплата.
Наведената состојба влијае на реално и објективно прикажување на состојбата на побарувањата во Билансот на состојба на ден 31 декември, како и на износот на расходите во периодот кога се случило намалувањето на нивната вредност, а со тоа и на реалноста на остварениот финансиски резултат од работењето.

Препорака
Надлежните органи за раководење и управување да преземат активности за редовно следење на застареноста на побарувањата, како и навремено и ажурно усогласување на вредноста на побарувањата со нивната објективна вредност.

3.1.6. Со извршената ревизија на залихите на материјали и ситен инвентар ги утврдивме следните состојби:

- ЈП за државни патишта нема донесено интерен акт со која ќе се уреди начинот на набавки, прием и издавање на материјалите и ситниот инвентар и овие активности се вршат по воспоставена пракса, што не е во согласност со Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор број 12 – Процедури со кои е пропишано дека субјектот од јавниот сектор за важните активности, особено за економските операции треба да утврди јасни и комплетни пишани процедури и истите да ги достави до сите инволвирани вработени;
- материјална евиденција при приемот и издавањето за залихата на материјали и ситен инвентар (со исклучок на канцелариските материјал) не е воспоставена, при што целиот износ на овие набавки претставува признат трошок во периодот. Како позначајни набавки за кои не е воспоставена соодветна материјална евиденција се набавките на фискални ролни во износ од 10.521 илјади денари и ХТЗ опрема за

вработените во износ од 9.777 илјади денари, поради што не се создадени услови за целосно, ажурно и навремено следење на нивната набавка и потрошувачка во претходниот период и годината предмет на ревизија. Истовремено утврдивме дека набавената ХТЗ опрема е распределена на вработените без нејзино соодветно задолжување со реверси, што не е во согласност со член 1 и член 10 од Правилникот за службена облека на вработените во одделението за наплата на патарина и контрола. Ваквиот начин на распределба не овозможува потврдување на наменското трошење на средствата по вработени и нивна замена во пропишаниот период со Правилникот, што претставува ризик за рационалното трошење на средствата.

Наведените состојби не се во согласност со барањата за веродостојно претставување и комплетност на искажаните залихи во финансиските извештаи како што е предвидено во „Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи", како и барањата од МСС 2 – Залихи од Правилникот за водење на сметководство, поради што не сме во можност да ја потврдиме количината и вредноста на залихата во 2022 година. Сето наведено влијае на реалното и објективно прикажување на состојбата на залихите во Билансот на состојба на ден 31 декември 2022 година и искажаните трошоци и остварениот финансиски резултат од работењето во Билансот на успех.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- усвојување на процедура со кој ќе се уреди начинот на набавки, прием и издавање на материјали и ситен инвентар на залиха и
- воведување на целосно и навремено евидентирање (при прием и издавање) на залихите во сметководствена и материјална евиденција врз основа на веродостојни сметководствени документи.

3.1.7. Во 2022 година исплатени се 6.182 илјади денари по основ на остварено право на старосна пензија и јубилејни награди[18], при што со ревизијата утврдивме дека истите не се пресметани и признати во финансиските извештаи како резервирања за правата на вработените за отпремнина и јубилејни награди во претходниот и за наредниот период. Оваа состојба претставува несоодветна примена на Правилникот за водење на сметководство МСС 19[19], кој пропишува дека стекнатите права треба да се вкалкулираат во текот на работниот век (од вработување до дата на исплата), а не да биде на товар на трошоците во периодот кога ќе бидат исплатени. Истовремено, наведената состојба не е во

[18] 672 илјади денари се исплатени за отпремнина при заминување во пензија и 5.510 илјади денари се исплатени за јубилејни награди

[19] МСС 19 – Користи за вработените

согласност со член 469 од ЗТД согласно кој финансиските извештаи се водат според МСС и влијае врз реално и објективно прикажување на состојбата на обврските и расходите во деловните книги и финансиските извештаи, како и врз финансискиот резултат од работењето.

Препорака

Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за соодветен третман и евидентирање на бенефициите на вработените кои се исплаќаат во текот и по престанокот на работниот однос и нивно разграничување во периодот кога истите се случуваат.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со член 13 од Законот за јавните патишта, пропишана е обврска Собранието на Република Северна Македонија, по претходно доставен предлог од Владата да донесе Стратегијата за развој и одржување на државните патишта, чија цел е утврдување на целите и основните задачи за развој и одржување на државните патишта за најмалку десет години. Законските одредби предвидуваат дека крајниот рок за донесување на првичната Стратегија бил јули 2009 година. Со членот 14 од истиот закон предвидено е во согласност со Стратегијата и за извршување на работите од јавен интерес, Владата, по претходно доставен предлог од ЈП за државни патишта, да донесе петгодишна програма за определување на развојот и одржувањето на државните патишта.

Со ревизијата утврдивме дека Стратегијата за развој и одржување на државните патишта никогаш не била донесена, додека последно донесената петгодишна програма за извршување на работите од јавен интерес е за период од 2013 до 2017 година. Во отсуство на Стратегија и петгодишна програма, ЈП за државни патишта приоритетите за изградба и реконструкција на државни патишта ги определува во својата Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта.

Недостатокот на стратешки и програмски документи не овозможува долгорочно управување со развојот и одржувањето на јавните патишта, како и соодветно планирање на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето, заштита на државните патишта од страна на ЈП за државни патишта и навремено обезбедување на финансиски средства.

Истовремено, нивното отсуството не овозможува оцена на влијание врз безбедноста на сообраќајот на ТЕМ[20] патиштата, како една од задолжителните анализи кои што се спроведуваат за да се утврдат приоритетите во изградба и одржување на јавните патишта, можните трошоци и придобивките, како и при донесувањето на одлуките за изградба на нови или реконструкција на постојните јавни патишта.

[20] ТЕМ патишта се државни патишта распоредени во мрежата на меѓународни патишта и кои се надоврзуваат на соодветни патишта на соседните држави

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- изготвување на петгодишна програма за извршување на работите од јавен интерес, иницирање на соработка со Владата за нејзино усвојување, како и создавање услови за нејзина имплементација по донесувањето и
- иницирање на соработка со надлежните институции за донесување на Стратегија за развој и одржување на државните патишта.

3.2.2. Градежни објекти со проценета сегашна вредност од 63.657.701 илјади денари претставуваат 53% од материјалните средства на ЈП за државни патишта. Со извршениот увид во материјалната и сметководствената евиденција и поткрепувачката документација ги утврдивме следниве состојби:

- не е можно да се утврди вредноста и бројот на одделни патиштата, бидејќи патиштата во материјалната евиденција се евидентирани на повеќе аналитички сметки и со неусогласени називи;
- 96% од евидентираните градежни објекти (61.303.043 илјади денари) претставуваат линиските инфраструктурни објекти[21], кои не се евидентирани во катастар на инфраструктурни објекти во АКН како што е уредено со одредбите од Закон за катастар за недвижности[22] и Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Слична состојба е констатирана и со 4[23] наплатни станици, за кои не се запишани права на сопственост. Причини за наведените состојби се необезбедените одобренија за употреба од страна на МТВ за изградените државни патишта, како што е пропишано со член 33 од Законот за јавните патишта, а согласно членовите 58, 87 и 96 од Законот за градење[24]. Надлежните вработени во ЈП за државни патишта информираа дека обезбедувањето на одобренија за употреба на патиштата од страна на МТВ се одвива отежнато, со повеќекратно одбивање на барањата доставени од ЈП за државни патишта. Со извршениот увид во добиените решенија и известувања од МТВ констатиравме дека барањата се одбиени или вратени поради некомплетна документација и документација со недостатоци, со што понатаму МТВ не е во можност да спроведе постапка за запишување на државните патишта во јавната книга на недвижности;

[21] Линиски инфраструктурни објекти – државни патишта категоризирани како автопатишта, експресни, магистрални и регионални патишта од прва и втора категорија

[22] Закон за катастар за недвижности (Службен Весник на Република Македонија број 55/13, 41/14, 101/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18, 124/19)

[23] НС Сопот, Демир Капија, Преод, Кадрифаково

[24] Закон за градење (Службен весник на Република Македонија, број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14 и 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/2023)

- согласно член 87-а од Законот за градење за линиски инфраструктурни проекти кои се финансираат од ЕУ или друга меѓународна организација инвеститорот може да започне со користење на линиска инфраструктурна градба без одобрение за употреба за градбите од прва категорија, доколку од страна на надзорниот орган кој вршел надзор над изградбата е изготвен позитивен извештај за привремена употреба на градбата. Инвеститорот е должен да обезбеди одобрение за употреба во рок од две години од изготвување на привремена употреба на градба. Со ревизијата утврдивме дека за голем дел од патните делници не се обезбедени одобренија за употреба, иако е поминат рокот од две години од издавање на позитивен извештај за привремена употреба од страна на надзорот.

Поради наведените состојби меѓу другото не е можно да се обезбеди потврда дека линиските инфраструктурни објекти се изграден во согласност со одобрението за градење и основниот проект, како и не е можно запишување на правото на сопственост, што влијае на намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите. Исто така, овие состојби не се во согласност со член 472 став 4 од Законот за трговски друштва со кои е уредено дека податоците во трговските книги треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

Препорака

Одговорните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за:

- подготовка на целокупната документација со цел спроведување на постапки за добивање на одобренија за употреба и нивен упис во АКН и
- усогласување на податоците на евидентираните државни патишта во материјална евиденција на ЈП за државни патишта.

3.2.3. Во 2022 година, ЈП за државни патишта има искажано приходи од патна такса во вкупен износ од 1.818.312 илјади денари, што претставува наплатен надоместок за употреба на јавни патишта за моторни и приклучни возила, што имателите на моторни возила го плаќаат при регистрација на возилото.

Со член 60 став (4) од Законот за јавните патишта уредено е дека 50% од уплатените средства на сметката на ЈП по основ на надоместок за патната такса од регистрација на моторни возилата, се приход на ЈП за државни патишта и треба да се користат за изградба, реконструкција, рехабилитација и заштита на државните патишта, а 50% треба да се распределат на општините, односно на градот Скопје за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици.

Со извршениот увид во деловните книги утврдивме дека ЈП за државни патишта не постапува согласно законските одредби при распределба и

евидентирање на остварените приходи од патна такса за општините. Имено, секоја година се распределуваат по 300.000 илјади денари за изградба, реконструкција и одржување и заштита на општински патишта и улици, што е значително помалку од законски определениот износ. Исто така, претпријатието за оние средства кои не се распределени не воспоставува сметководствена евиденција на обврски кон општините, додека за распределените неосновано искажува трошоци и приходи. Ваквиот начин на распределба на средства по општини е констатирана и во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година.

Овие состојби не се во согласност со Правилникот за водење на сметководство МСС 18 - Приходи и член 472 став 3 од ЗТД со кој е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување, што влијае на реалноста и објективноста на искажаните податоци за приходи, расходи и обврски во финансиските извештаи за 2022 година.

На Графикон број 2 прикажани се: вкупниот износ од наплатениот надоместок за патната такса од регистрација на моторни возилата кој требал да биде распределен по општините, како и вкупниот распределен и нераспределен износ на средства по општините во периодот од 2016 до 2022 година, изразен во илјади денари.

Графикон број 2 – Распределба на приходи од патна такса по општините во период 2016 – 2022 година во илјади денари



Според прикажаните податоци во графиконот констатиравме дека ЈП за државни патишта, во периодот од 2016 до 2022 година остварува 11.361.173 илјади денари приходи од патна такса, при што 5.680.588 илјади денари треба да бидат распределени на општините. Иако остварените приходи бележат тренд на зголемување, средствата кои се распределуваат по општините секоја година се во ист износ и во наведениот временски период изнесуваат вкупно 2.100.000 илјади денари. Со ревизијата утврдивме дека за 63% помалку се распределени средства по општините (3.580.588 илјади денари), што влијае на нецелосно создадени финансиски услови за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици.

**Препорака**

Надлежните лица за управување и раководење да преземат мерки и активности за:

- редовно, навремено и точно распределување на средствата на општините по основ на остварените приходи од патна такса и
- точно и целосно сметководствено евидентирање на остварените приходи од патна такса и обврски спрема општините по тој основ.

3.2.4. Формирањето, организацијата и начинот на извршување на внатрешната ревизија се уредени со одредбите на ЗЈВФК[25]. Целта на внатрешната ревизија е на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди независно разумно објективно уверување и совет со цел подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола. Со извршената ревизија, утврдени се следните состојби:

- во член 31 став 1 алинеја 3 од ЗЈВФК, уредено е минималниот број на вработени во единицата за внатрешна ревизија да не биде помал од 4 внатрешни ревизори и раководител на единицата, доколку просечниот финансиски план во последните три години изнесувал најмалку 2 милијарди денари. Согласно Правилникот[26], во одделението за внатрешна ревизија систематизирани се три работни места – раководител, советник внатрешен ревизор и помлад соработник – внатрешен ревизор на обука, а во годината предмет на ревизија пополнето е работното места - раководител. Со Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2022 година, утврдивме дека од планирани три, извршени се две ревизии при што една од нив претставува следење на преземените мерки по дадени препораки. Оваа состојба не е во согласност со ЗЈВФК и влијае на квалитетното, целосно и навремено реализирање на активностите на одделението за внатрешна ревизија;

[25] Службен весник на Република Македонија број 90/09, 12/11, 188/12, 192/15 и 147/17

[26] Правилник за систематизација на работни места бр. 02-11513/1 од 29.11.2017 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работни места бр. 02-4102/1 од 02.04.2018 година

- од извршениот увид во персоналните досиеја на вработените во службата за внатрешна ревизија утврдивме дека не се во целост исполнети условите кои треба да ги исполни раководителот на единицата за внатрешна ревизија. Имено, раководителот на службата не поседува уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор или меѓународно признат ревизорски сертификат. Ваквата состојба не е во согласност со членовите 35 и 36 од ЗЈВФК и со стандардот 3 – „Компетентност, извршување“ од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, со кој е пропишано дека раководителот на субјектот треба да обезбеди пополнување на работните места со компетентни лица, што може да ја доведе во прашање улогата на внатрешната ревизија во остварување на целите на субјектот.

Наведените состојби претставуваат ризик во остварување на целите за кои што е формирано одделението за внатрешна ревизија и навремено утврдување на ризиците при вршење на дејноста од страна на ЈП за државни патишта и влијае на ефективноста на воспоставениот систем за внатрешна контрола.

**Препорака**

Надлежните органи на раководење и управување да преземат мерки и активности за измена и дополнување на актот за систематизација на ЈП за државни патишта за соодветно организирање на одделението за внатрешна ревизија и нејзино целосно екипирање со стручен кадар.

3.2.5. Во 2022 година евидентирани се трошоци во износ од 94.225 илјади денари за ангажирање на привремени вработени преку приватна агенција за вработување, чија бројка во текот на 2022 година, по месеци, се движела од 111 до 147 вработени.

Најголем дел од привремено вработените се распоредени на работно место „инкасант за наплата на патарина“, што според работните надлежности претставува значајно работно место за вршењето на дејноста во процесот на остварување на приходите на претпријатието. Оваа состојба не е во согласност со член 24 став 1 од Законот за приватните агенции, со кој се определени случаите кога се отстапува работник за вршење на привремени работи и тоа: замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проект, специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот или непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот.

Од извршените анализи утврдивме дека поголемиот дел од ангажираните лица на работно место „инкасант за наплата на патарини“ последователно се ангажирани во периодот од 2018 до 2022 години, со прекин од неколку дена, што не е во согласност со член 24 став 2, со кој е предвидено дека максималниот период за кој можат за се ангажираат привремените агенциски работници е две години со или без прекин.

Наведениот начин на ангажирање на вработени може неповолно да влијае на континуитетот и ефикасноста во работење на Одделението за наплата на патарини и контрола во процесот на остварување на приходите од наплата на патарини.
Одговорните вработени во претпријатието информираа дека привремените агенциски работници биле вклучени во Годишниот план за вработување за 2021 години, но од страна на надлежното министерство не била добиена согласност за обезбедени финансиски средства.

Препорака
Надлежниот орган на раководење да продолжи со активностите за добивање согласност за обезбедени финансиски средства од надлежното министерство за соодветно екипирање на Одделение за наплата на патарина и контрола.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. ЈП за државни патишта за финансирање на инвестициони активности како изградба, реконструкција и одржување на државни патишта покрај сопствени средства користи средства и од повеќе кредитни линии, по основ на склучени договори за заеми од меѓународни финансиски институции. Состојбата на обврските по долгорочните заеми на 01.01.2022 година изнесува 48.727.448 илјади денари, односно 792 милиони евра[27], а на крајот на 2022 година евидентирани се долгорочни заеми во вкупен износ од 52.119.897 илјади денари односно 803 милиони евра. Во текот на 2022 година ЈП има повлечено средства од заеми во вкупен износ од 5.387.082 илјади денари од кои најголем дел во вкупен износ од 2.905.139 илјади денари односно 54% од вкупните повлекување се од банка на НР Кина за реализација на проектот за изградба на автопат – делница Кичево – Охрид.
Сметаме за потребно да известиме дека за отплата на обврските по заемот за изградба на автопат –делница Кичево – Охрид и изградба на автопат – делница Миладиновци – Штип активирана е државна гаранција поради неможност за сервисирање на финансиските обврски од страна на ЈП и истите се подмирени од Министерство за финансии во име на Република Северна Македонија како гарант[28]. Вкупните обврски на ЈП државни патишта на крајот на 2022 година кон Министерство за финансии по овој основ се 4.723.242 илјади денари.

[27]во овој износ влегуваат и обврските кон Министерство за финансии кои произлегуваат од активирана државна гаранција за сервисирање на обврските по заемите за изградба на автопат –делница Кичево-Охрид и изградба на автопат-делница Миладиновци - Штип;
[28]Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по договорот за заем за „Проект за изградба на автопат – делница Миладиновци - Штип" кој ќе се склучи меѓу банка од НР Кина и ЈП за државни патишта (Службен весник на Република Македонија 149/2013) и Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по договорот за заем за „Проект за изградба на автопат – делница Кичево – Охрид" кој ќе се склучи меѓу банка од НР Кина и ЈП за државни патишта (Службен весник на Република Македонија 149/2013);

Состојбата на долгорочните обврски и нивните промени во 2022 година се прикажани во Прилог број 4, составен дел на извештајот.

4.2. ЈП за државни патишта, во постапка пред надлежните судови се јавува во својство на тужител или тужена странка во вкупно 123 судски предмети. Од извршената анализа на податоците добиени од Секторот за правни работи, човечки ресурси и општи работи – Одделение за правни работи, застапување, подготовка и следење на експропријација заклучно со месец октомври 2023 година констатиравме дека:

- ЈП во својство на тужител, се јавува во 13 предмети против физички и правни лица чија проценета вредност е во износ од 268.972 илјади денари. Анализирајќи го бројот и видот на предметите констатиравме дека 3 постапки се по основ на надомест на штета, 1 постапка за поништување на склучена спогодба и 9 постапки се по основ на побарувања за неплатен долг. Сите предмети во кои тужител е ЈП се водат пред националните судови, со исклучок на еден предмет за кој се води постапка пред арбитражен суд во Република Северна Македонија. Проценета вредност на спорот за кој се води арбитража е во износ од 150.158 илјади денари што претставува 56% од вкупната вредност на споровите во кои тужител е ЈП. Оваа постапка се води поради раскинување на склучен договор, а поврзано со истата, ЈП за државни патишта истовремено се јавува и во својство на тужена страна[29].
- Во својство на тужена странка ЈП се јавува во 110 предмети чија вредност е проценета во износ од 596.614 илјади денари. Најголем дел од постапките во кои е тужено ЈП односно 73 постапки се по основ на надомест на штета, 28 постапки за регрес, додека останатите 9 се по други основи (неплатен долг, спорови за работен однос, поништување на акти). Најголема проценета вредност во износ од 117.047 илјади денари, односно 20% од вкупната вредност на споровите во кои ЈП е тужена страна е горе споменатиот спор за кој се води арбитражна постапка пред арбитражен суд во Република Северна Македонија.

Сметаме за потребно да истакнеме дека за наведените судски постапки кои се уште се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност во однос на финансиските импликации кои тие ќе ги предизвикаат врз работењето на претпријатието во идниот период.

4.3. Во јули 2021 година, Владата донела Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за

[29] ЈП е тужено од правно лице кое било ангажирано согласно договор за изведување на градежни работи и истото во постапката пред арбитражниот суд поднесува против тужба за надомест на штета по основ на раскинување на договорот од причини на неисполнување од страна на ангажираното правно лице-изведувач.

изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија[30], врз основа на кој го именувала Bechtel and Enka JV за Стратешкиот партнер, а ЈП за државни патишта за Инвеститор при изградба на коридорите.

Целта на наведениот закон е подобрување и развој на патната инфраструктура во државата, а проектирањето и изградбата на инфраструктурата на Коридор 8 и на Коридор 10 д претставува проект за капитални инвестиции од стратешко национално значење за Република Северна Македонија. Со реализација на проектот треба да се изградат 4 нови автопатски делници кои ќе придонесат за побезбедно и побрзо одвивање на сообраќајот за крајните корисници. Со законот е уредено дека за доделување на договорите поврзани со подготовката и реализацијата на проектот нема да се применуваат одредбите од Законот за јавни набавки.

Во март 2023 година потпишан е договор за градење помеѓу Стратешкиот партнер и Инвеститорот и МТВ, во име и за сметка на Владата, во однос на менаџирање на проектирањето, изградбата на работи и подготовка на потребната Проектна документација во врска со Коридорот 8 и Коридорот 10 д. Финансиските ресурси за реализација се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку МТВ, во форма на трансфер до Инвеститорот или од кој било друг извор во согласност со важечките закони. Вкупната вредност на договорот е 1,3 милијарди евра или приближно 80.210.000 илјади денари. До 13.11.2023 година на Стратешкиот партнер, по доставени времени ситуации, исплатени се 11.549.448 илјади денари или околу 14% од вкупната договорена вредност. Овие средства се наменети за геомеханички испитувања на трасата со пробивање на пристапни патишта до истите, мобилизација на вработени од страна на изведувачот, изработка на проектна документација за три делници, околчување на трасата и други активности. Според одредбите од договорот времетраењето на изградбата е определено по делници на следниот начин:

- делница 1: Тетово – Гостивар, 33 месеци од воведување во работа;
- делница 2: Гостивар – Букојчани, 57 месеци од воведување во работа односно јануари 2028 година;
- делница 3: Требениште – Струга - Ќафасан 49 месеци од воведување во работа и
- делница 4: Прилеп – Битола 57 месеци од воведување во работа односно јануари 2028 година.

Имајќи ја во предвид значајноста на инфраструктурниот проект, сметаме за потребно да истакнеме дека, во периодот кој следи ЈП за државни патишта во

[30] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 163/ 2021 година

улога на Инвеститор ќе има континуирани градежни активности со значителни финансиски импликации.

Овој инфраструктурен проект е дел од ревизијата на успешност која се спроведува согласно Годишната програма на Државниот завод за ревизија за 2023 година на тема „Реализација на капиталните инвестиции финансирани преку буџетот на РСМ, ЕУ фондови и средства од други меѓународни финансиски институции во надлежност на централна власт и локалната самоуправа“ и подетални состојби за истиот ќе бидат обелоденети во тој извештај.

4.4. Наплатата на патарина од страна на ЈП за државни патишта се врши на наплатните станици, преку „отворен систем“ за наплата на патарина. Начинот на плаќањето на патарината може да биде: готовински и со банкарски картици (дебитни и кредитни), електронски со бесконтактни смарт картици и со уред за електронска наплата на патарина и со билет за ненаплатена патарина со налог за плаќање. ЈП за државни патишта располага со 14 наплатни станици кои се распоредени по должината на Коридор 8 и Коридор 10. Со ревизијата констатиравме дека во 2014 и 2020 година со склучување на договори меѓу ЈП за државни патишта и правни лица започнати и делумно се завршени инвестиции за изградба и инсталација на електронски системи за наплата на патарини на Коридор 8 и Коридор 10. Преку овие проекти истовремено се врши модернизација на наплатните станици и изградба на нови. За реализација на договорите ЈП за државни патишта има склучено договори за заем со ЕБОР[31] во вкупен износ од 28,9 милиони евра. Вкупната вредност на склучените договори со изведувачите е 28,3 милиони евра, при што до периодот на вршење на ревизијата реализирани се вкупно 1.623.160 илјади денари (приближно 26,3 милиони евра).



Слика број 3 – Мапа на наплатни станици на ЈП за државни патишта

Со извршената ревизија утврдивме дека електронскиот систем за наплата на патарините е функционален во текот на цела година кај 7 наплатни станици, во последните шест месеци од 2022 година кај 2 наплатни станици, а 5 наплатни станици немаат воспоставена електронска наплата на патарина.

[31] Договори за заем бр. 41981 од 12.06.2013 година и бр. 50769 од 20.09.2019 година

Податоците за остварен промет по месеци од наплатени патарини според бројот на возила на наплатните станици на Коридор 8 и Коридор 10 во 2022 година, добиени од Одделението за наплата на патарина и контрола збирно се прикажани во следната табела:

Табела број 1 – Остварен просечен приход во 2022 година

| коридор | наплатна станица | просечен број на возила во 2022 година | просечен износ на остварен приход во 2022 година (000 денари) | просечен приход остварен од електронскиот систем за наплата на патарина (000 денари) | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=(5/4)% |
| КОРИДОР 8 | ГЛУМОВО | 413.851 | 21.559 | | |
| КОРИДОР 8 | ГОСТИВАР | 388.691 | 13.701 | | |
| КОРИДОР 8 | МИЛАДИНОВЦИ | 461.505 | 23.580 | | |
| КОРИДОР 8 | ТЕТОВО | 489.409 | 16.762 | | |
| КОРИДОР 8 | ЖЕЛИНО | 429.758 | 20.465 | | |
| КОРИДОР 10 | РОМАНОВЦЕ | 404.425 | 33.348 | 4.964 | 15% |
| КОРИДОР 10 | СОПОТ | 190.003 | 16.295 | 3.769 | 23% |
| КОРИДОР 10 | ОТОВИЦА | 189.764 | 15.671 | 3.687 | 24% |
| КОРИДОР 10 | ПЕТРОВЕЦ | 375.696 | 17.164 | 3.534 | 21% |
| КОРИДОР 10 | ГРАДСКО | 301.775 | 20.677 | 5.012 | 24% |
| КОРИДОР 10 | ГЕВГЕЛИЈА | 141.206 | 19.739 | 5.633 | 29% |
| КОРИДОР 10 | ДЕМИР КАПИЈА | 159.997 | 14.405 | 3.944 | 27% |
| КОРИДОР 8+ | ПРЕОД | 189.774 | 14.267 | 1.910 | 13% |
| КОРИДОР 8+ | КАДРИФАКОВО | 193.413 | 12.144 | 1.658 | 14% |
| **ВКУПНО** | | **4.329.265** | **259.775** | **34.110** | **13%** |

*Во наплатните станици Преод и Кадрифаково електронскиот систем за наплата на патарини и имплементиран од јули 2022

Од спроведената анализа констатиравме дека, во просек само 13% од вкупно остварените приходи од патарини во 2022 година се со примена на електронска наплата преку користење на смарт картица и уред М – таг. Најголема примена на системот е забележана кај наплатната станица Гевгелија од 29%, додека најмала е примената кај наплатната станица Преод од 13%. Имајќи во предвид дека со користењето на електронската картица и уред М – таг за наплата на патарините, се обезбедува подобрена и ефикасна услуга за нивна наплата, што ќе овозможи функционирање на унифициран и целосно интероперабилен систем за патарина на автопатите низ државата, укажуваме на потребата од поголема промоција на можноста за нејзина употреба.

Исто така, не оспорувајќи ги заложбите кои ги прави ЈП за државни патишта во остварување на ефикасна наплата на патарина, воспоставување поголема контрола и намалување на ризикот од злоупотреба или измама, укажуваме на можноста од преиспитување на воспоставениот „отворен систем“ и негов

премин во „затворен систем“[32], сè со цел искористување на придобивките кои ги има овој систем во однос на полесно управување, одржување и зголемување на безбедноста и заштитата при извршувањето на услугите.

## 5. Клучни ревизорски прашања

5.1. Дополнително покрај состојбите опишани во Основот за квалификувано мислење, го идентификувавме следното прашање опишано подолу како клучно ревизорско прашање.

Изградбата на патната делница Кичево – Охрид се врши врз основа на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патната делница Миладиновци – Штип и патната делница Кичево – Охрид, донесен во октомври 2013 година[33] и со истиот меѓу другото е определен изведувач на градбата на патна делница Кичево – Охрид. Законот е донесен врз основа на Договорот за економска и техничка соработка во областа на инфраструктурата меѓу Владите на Република Северна Македонија и НР Кина[34], како и склучени меморандуми за соработка меѓу МТВ и две правни лица од НР Кина. Исто така, со одредбите од Законот е уредено дека изведувачот на градежни работи е ослободен од увозни давачки и ДДВ при промет на добра и услуги наменети за изградба на патна делница, како и поврат на акциза при набавка на патнички возила и минерални масла.

Во ноември 2013 година склучен е договор[35] меѓу ЈП за државни патишта (Инвеститор) и правен субјект кој е основан според законите на НР Кина (Изведувач) за изградба на автопатот А2, делница Кичево – Охрид. Со одредбите од договорот определено е најдоцна до јануари 2018 година да се изгради делница со должина 56,7 km, со вредност од 411 милиони евра[36] (приближно 25 милијарди денари).

Изградбата на автопатот А2 е врз основа на Основен проект кој е изработен од страна на две домашни правни лица кои вршат дејност проектирање, во периодот од 2002 до 2008 година, со одредени негови дополнувања до 2010 година. Врз основа на овој проект, во мај 2014 година, започната е изградбата на патната делница Кичево – Охрид, поделена на пет подделници[37], при што за

[32] Затворен систем - на секој излез има наплатни станици, како и на главните влезови на автопатот

[33] Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патната делница Миладиновци-Штип и патната делница Кичево-Охрид (Службен весник Република Македонија бр.149/13, 134/17, 64/18, 168/18, 194/18, 208/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.22/20, 285/21)

[34] Закон за ратификација на Договорот за економска и техничка соработка во областа на инфраструктурата меѓу Владите на Република Северна Македонија и Народна Република Кина, склучен во Скопје на 27 ноември 2012 година (Службен весник на Република Македонија бт.15/13)

[35] Договор бр.08-9012/1 од 12.11.2013 година

[36] Финансирање со средства добиени од заем од банка од НР Кина 90%-370 милиони евра и средства на ЈП за државни патишта 10% -41 милион евра.

[37] Подделница 1 “Кичево-Подвис”, Подделница 2 “Подвис-Пресека”, Подделница 3 “Пресека – Песочани”, Подделница 4 “Песочани – Требеништа” и Подделница 5 “Требеништа – Подмоље – Охрид”

секоја од нив ЈП за државни патишта има добиено Одобрение за градба[38] од МТВ, а во согласност со членовите 58, 59 и 62 од Законот за градење.

Во октомври 2013, односно ноември 2019 година, донесени се закони[39] со кои Република Северна Македонија гарантира исполнување на обврските по земените заеми за финансирање на проектот за изградба на патната делница Кичево – Охрид. Во јануари 2014 година, склучен е договор за заем[40] помеѓу банка од НР Кина (заемодавач) и ЈП за државни патишта (заемопримач) во износ од 505 милиони долари, а во декември 2019 година, склучен е договор за дополнителен заем[41] во износ од 180 милиони долари, при што вкупното задолжување за овој проект изнесува 685 милиони долари (Табела број 2).

Табела број 2 – Одобрени и повлечени заеми

| Договор за изградба на автопат делница Кичево - Охрид | Износ на заем (долари) |
|---|---|
| Договор за заем | 505.044.966 |
| Дополнителен заем | 179.694.572 |
| **Вкупно заем:** | **684.739.538** |
| Состојба на повлечени средства заклучно со 31.12.2022 година | 431.460.594 |
| Неповлечени средства | 253.278.944 |

Во договорот за изградба предвидено е финансирањето на проектот во најголем дел или 90% да биде со заем, додека 10% од сопствени средства на ЈП за државни патишта.

Со извршените анализи на документите од деловните книги на претпријатието, укажувањата добиени од надзорниот орган на проектот, како и спроведениот теренски увид, ги утврдивме следниве состојби:

- Во периодот од мај 2018 година до декември 2021 година донесени се пет измени на основниот договор за изградба на патната делница, при што биле склучени анекси кон договорот[42]. Со анексите, пролонгиран е крајниот рок за

---

[38] Одобрение за градење бр.18 Уп.90/Е 14, бр.18 Уп.97/14 Е, бр.18 Уп.130/14 Е, бр.18 Уп.141/14 и бр.18 Уп.142/14

[39] Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по договорот за заем за "Проект за изградба на автопат-делница Кичево-Охрид" кој ќе се склучи меѓу Експорт-Импорт Банката на Кина и ЈП за државни патишта (Службен весник на Република Македонија бр.149/2013)

Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по договорот за заем за дополнително финансирање за "Проект за изградба на автопат-делница Кичево-Охрид" кој ќе се склучи меѓу Експорт-Импорт Банката на Кина и ЈП за државни патишта (Сл. Весник на Република Северна Македонија бр.244/2019)

[40] Договор за заем бр.08-116/3 од 08.01.2014 година

[41] Договор за дополнителен заем бр.09-13530/1 од 12.12.2019 година

[42] Анекс бр.1 кон договорот за изградба на автопат, делница Кичево-Охрид бр.09-5116/5 од 04.05.2018 година за продолжување на рокот до 30.06.2021 година

Анекс бр.2 кон договорот бр.09-9961/5 од 24.09.2018 година за пренамена на преостанатите средства од Основниот договор во износ од 206 милиони евра

Анекс бр.3 кон договорот бр.09-12193/4 од 16.11.2018 година за изведување на непредвидени и дополнителни работи во вредност од 187 милиони евра

завршување на изградбата за 6 години, односно определено е изградбата да заврши до декември 2023 година, а за изведување на дополнителните и непредвидени работи, зголемена е вредноста на основниот договор за 187 милиони евра, поради што вредноста на изградбата на патната делницата изнесува вкупно 598 милиони евра. На таков начин договорената цена на чинење на еден километар патна делница од 7,3 милиони евра, била зголемена за 44% и изнесува 10,5 милиони евра[43].

- На крајот на 2022 година, вкупните инвестиции во делницата изнесуваат 31.597.364 илјади денари (приближно 512 милиони евра)[44], а истите до ноември 2023 година достигнуваат износ од 35.490.802 илјади денари (приближно 575 милиони евра).



Графикон број 3 - Трошоци за изградба на патната делница Кичево - Охрид

  До крајот на 2022 година, реализацијата на изградбата на патната делница Кичево – Охрид согласно доставените времени ситуации, изнесува 66% од вкупната вредност на склучениот договор или (397 милиони евра), а овој податок заклучно со завршените работи во август 2023 година изнесува 72% (429 милиони евра).

- При реализација на договорот за изградба, направени се 42 варијации кои што произлегуваат од измени и дополнувања на Основниот проект поради појавени непредвидени и дополнителни работи и истите предизвикале

Анекс бр.4 кон договорот бр.09-2007/2 од 12.02.2020 година за продолжување на рок за повлекување на парични средства според Договор за заем за финансирање на проектот пред надлежна банка заклучно со 31.12.2021 година;
Анекс бр. 5 кон договорот бр.09-12751/1 од 21.12.2021 година со кој се продолжува рокот на завршување на работите до 31.12.2023 година;

[43] Цената на чинење е определена врз основа на склучен договор без вклучени трошоци за проект, експропријација, надзор и трошоци по основ на заем

[44] трошоците за изградба и надзор во износ од 26.741.464 илјади, камати по основ на земен заем и разлики кои произлегуваат од фиксниот курс на еврото и американскиот долар (референтна девизна стапка на 01.02.2013 година (1 евро = 1,3644 долари)) и девизниот курс на доларот на денот на исплата на обврските во износ од 3.620.098 илјади денари и трошоци за експропријација во износ од 1.235.782 илјади денари.

зголемување на вредноста на основниот договор за 45% (187 милиони евра) и пролонгирање на временскиот рок за изградба на патната делница.

Промената на проектната документација произлегува од недоследности во истата:

- ✓ усогласување на проектната документација со реалните услови на терен;
- ✓ препроектирање на постоечка документација за тунел, усеци, вијадукти, мостови, потпорни ѕидови, надпатници и подпатници;
- ✓ изработка на нови проектни решенија за стабилизација и заштита на косините на усеците и санација на свлечишта на целата траса од патната делница;
- ✓ изработка на проектна документација за 9 патни јазли и нови алтернативни патишта и подпатници за поврзување на населените места кои не биле предвидени со основниот проект и
- ✓ дополнителни геотехнички истражни работи поради променлива геологија на терен која не одговара на геологијата предвидена со проектите.



Слика број 4 - теренски увид на изградба тунел делница Кичево – Охрид



Слика број 5- теренски увид на изградба делница Кичево – Охрид (санација на свлечиште)

Напоменуваме дека до денот на завршување на ревизијата на прва, втора и четврта подделница на делницата Кичево – Охрид се појавиле 11 нови свлечишта, кои дополнително влијаат на потреба од нови варијации за надминување на состојбите, пролонгирање на рокот на нејзино завршување и исплата на додатни финансиски средства.

- Од спроведениот теренски увид, направените снимања со дрон и доставените извештаи од надзорниот орган, утврдивме дека најголем дел од делницата е трасирана, изградени се 25 вијадукти, при што различни делници се во различна фаза на изградба. На втора делница тунелот Пресека завршена е конструкцијата (примарна и секундарна), во моментот се работи на

инсталирање на електрика и вентилација во тунелот. На дел од делницата оставен е градежен материјал, за кој и надзорниот орган во своите извештаи давал препораки за негово отстранување. Во извештаите како основни причини за забавената динамика за изградба на делницата, покрај недостатоците на проектот се наведуваат:



Слика број 6- теренски увид на изградба вијадукт делница Кичево – Охрид

- ✓ задоцнета експропријација поради нерешените имотно правни односи, како и дополнителна експропријација на земјиштето поради појавена потреба од ублажување на косините на усеците;
- ✓ потреба од дислокација на надземни и подземни инфраструктурни објекти (далекуводи, електро-преносни и комуникациски водови, водоводни и канализациони инсталации), како и индивидуални станбени и стопански објекти кои се совпаѓаат со трасата на делницата;
- ✓ одобрување на нови одлагалишта на земја, поради очекуван зголемен ископ во усеците и засеците при ублажување на косините кои се нестабилни и
- ✓ недоволен број на технички кадар, механизација и опрема обезбедени од изведувачот (подизведувачите).

Имајќи ја во предвид обемноста и значајноста на проектот патна делница Кичево – Охрид, наведените состојби укажуваат на потреба од поаналитички пристап при планирањето на проектите, поголема подготвеност при започнување и реализација на делници со голема должина, системски пристап и навремено обезбедување на потребната документација за започнување и реализација на проектот. Исто така горе набројаните недостатоците за проектната документација, нерешените експропријации на земјиштето, како и недоволно обезбедените соодветни човечки и технички ресурси од страна на изведувачот, влијаеле на пролонгирање на изградбата и предизвикале дополнителен одлив на финансиски средства над првично договорените, што не е во согласност со пропишаниот правен стандард за постапување со должно внимание уреден со Законот за трговски друштва.

Напоменуваме дека при донесувањето на идните одлуки и преземањето на натамошни активности поврзани со делницата, потребно е да бидат земени во предвид постигнатиот степен на изградба на делницата, нејзината должина и

значајната местоположба, вложените финансиски средства, но и последиците во случај на раскинување на договорот и искористување на можноста од правна заштита.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 20.06.2023 до 17.11.2023 година, кај ЈП за државни патишта од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2015 година, при што ревизијата се воздржа од изразување на мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и изрази неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи.

Во февруари 2018 година, извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2015 година, при што е констатирано дека од вкупно дадени 16 препораки, 8 препораки се спроведени, 4 препораки делумно се спроведени, во тек е спроведувањето на една препорака и 3 препораки не се спроведени.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на директорот на ЈП за државни патишта, застапувано од Ејуп Рустеми, директор од 12.01.2021 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на ЈП за државни патишта, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој Конечен извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот ЈП за државни патишта одржан на ден 28.11.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на директорот на ЈП за државни патишта добиени се дванаесет забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор под број 19-83/1 од 18.01.2024 година. Забелешките се однесуваат на точките 3.1.1, 3.1.2., 3.1.3., 3.1.5., 3.1.6., 3.1.7., 3.2.1., 3.2.2., 3.2.3., 3.2.4., 3.2.5. и 4.2.. Истите се разгледани и утврдено е дека шест од нив претставуваат известување за преземени мерки и активности по утврдени состојби и дадени препораки, како и известување за причините кои довеле до утврдената состојба, а шест забелешки не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на утврдените состојби.
Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 5.117.467 | 4.630.295 |
| Останати приходи | 3.2. | 4.946.979 | 3.696.521 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **10.064.446** | **8.326.816** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3. | 212.646 | 104.389 |
| Трошоци за услуги | 3.4. | 1.549.055 | 1.574.929 |
| Останати трошоци од работењето | 3.5. | 417.253 | 461.872 |
| Плата, надоместоци од плата и останати трошоци за вработените | 3.6. | 390.348 | 273.706 |
| Трошоци за амортизација | 3.7. | 1.987.876 | 1.957.223 |
| Резервирања за трошоци и ризици | 3.8. | 11.789 | 66.532 |
| Останати расходи | 3.9. | 1.348 | 248 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **4.570.315** | **4.438.899** |
| **Финансиски приходи** | 3.10. | **3.000.564** | **699.350** |
| **Финансиски расходи** | 3.11. | **4.821.224** | **3.106.232** |
| ДОБИВКА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | 3.12. | **3.673.471** | **1.481.035** |
| **Данок од добивка** | 3.13. | **225.424** | **7.358** |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | 3.14. | **3.448.047** | **1.473.677** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2022 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жења** | **2022** | **2021** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 2.038.791 | 2.193.563 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 40.577 | 40.375 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.3. | 13.826 | 177.448 |
| Побарувања од вработените | | 0 | 73 |
| АВР | 4.4. | 81.864 | 55.122 |
| Залихи | 4.5. | 2.083 | 1.670 |
| Аванси за материјални вложувања | 4.6. | 572.076 | 1.864.041 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.749.217** | **4.332.292** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.7. | 7.376 | 1.159 |
| Материјални средства | 4.8. | 118.765.914 | 110.640.017 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.9. | 6.988 | 21.010 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **118.780.278** | **110.662.186** |
| **Вкупна актива** | | **121.529.495** | **114.994.478** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.10. | 798.388 | 644.289 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.11. | 1.342.799 | 1.772.047 |
| Краткороч. обвр. за даноц, придон. и др. давач. | 4.12. | 85.949 | 59.801 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.13. | 5.504.311 | 4.755.923 |
| ПВР | 4.14. | 2.193.456 | 2.196.970 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **9.924.903** | **9.429.030** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни резервирања | 4.15. | 157.441 | 209.063 |
| Долгорочни обврски | 4.16. | 46.615.742 | 43.973.023 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **46.773.183** | **44.182.086** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.17. | 5.000 | 5.000 |
| Ревал. резер и разлики од вред. на ком. на ост сеоп. доби. | 4.18. | 9.796.453 | 9.796.453 |
| Резерви | 4.19. | 1.473.676 | 4.595.660 |
| Акумулирана добивка | 4.20. | 50.108.233 | 45.512.573 |
| Добивка од тековната година | 4.21. | 3.448.047 | 1.473.676 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **64.831.409** | **61.383.362** |
| **Вкупна пасива** | | **121.529.495** | **114.994.478** |

ПРЕГЛЕД ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2022 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Основна главнина - запишан и уплатен капитал | Ревал. резер и разлики од вред. на ком. на ост сеоп. доби. | Резерви | Акумулирана добивка | Добивка од тековна година | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2022 година** | 5.000 | 9.796.453 | 4.595.660 | 45.512.573 | 1.473.676 | 61.383.362 |
| Добивка за деловна година | - | - | - | - | 3.448.047 | 3.448.047 |
| Резерви | - | - | 1.473.676 | 4.595.660 | (1.473.676) | 4.595.660 |
| Враќање на реинвестирана добивка во акумулирана | - | - | (4.595.660) | - | - | (4.595.660) |
| **Состојба 31.12.2022 година** | 5.000 | 9.796.453 | 1.473.676 | 50.108.233 | 3.448.047 | 64.831.409 |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК ЗА 2022 ГОДИНА

| | 000 денари |
|---|---|
| | **Износи** |
| Нето добивка/ загуба | 3.448.047 |
| Амортизација | 1.987.876 |
| **Вкупно** | **5.435.923** |
| Промени во побарувања од купувачи | (202) |
| Промени во останати краткорочни побарувања | 73 |
| Промени во побарувања од државата и други институции | 163.622 |
| Промени во залихи | (413) |
| Промени во АВР | (26.742) |
| Промени во обврски спрема добавувачи | 154.099 |
| Промени во обврски за примени аванси | (429.248) |
| Промени во останати краткорочни обврски | 774.536 |
| Промени во ПВР | (3.514) |
| **Готовински тек од оперативни активности** | **6.068.134** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (8.814.003) |
| **Готовински тек од инвестициони активности** | **(8.814.003)** |
| Промени во долгорочни кредити | 2.642.719 |
| Промени во долгорочни резервирања | (51.622) |
| **Готовински тек од финансиски активности** | **2.591.097** |
| **Промени на паричните средства** | **(154.772)** |
| **Парични средства на почеток на година** | **2.193.563** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **2.038.791** |

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 02-854/1

Скопје/Shkup 18-01-2024 година/viti

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 18.01.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 19-83/1 | | |

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

Предмет: **Забелешки на Нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор**

Во врска со доставениот Нацрт Извештај бр. 0120230901 за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавното претпријатие за државни патишта бр. 19-198/9 од 18.12.2023 година, во законски предвидениот рок Ви ги доставуваме следните забелешки:

3.1.1. Во точката 3.1 Основ за квалификувано мислење за финансиските извештаи, потточка 3.1.1. забелешката се однесува на дадената констатација дека работењето на Јавното претпијатие за државни патишта е спротивно на член 13 од Законот за јавните претпријатија како и дадената препорака. Имено Јавното претпријатие за државни патишта е основано согласно Законот за јавните претпријатија и Законот за јавните патишта заради вршење на дејности од јавен интерес. Целокупното свое работење го заснова врз важечката законска регулатива и со должно внимание, а по донесување на Годишна програма за работа одобрена од основачот односно од Владата на Република Северна Македонија. Доверените дејности од јавен интерес, Јавното претпријатие ги врши по добивање на соодветни дозволи, одобренија и други акти од надлежни државни институции кои беа презентирани од наша страна во текот на вршење на ревизијата. Дадената препорака во никој случај не може да се однесува само на Јавното претпријатие за државни патишта и не соодветствува со заклучоците и дадените препораки на Државниот завод за ревизија во Конечниот извештај од ревизија на успешност „Задолжување на субјектите од јавниот сектор, степен на искористеност на кредитите и заемите и платени створени трошоци" број 0220210009 како и дадените заклучоци од Извадок од нацрт записникот од 181 седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 29.08.2023 година број 41-1438/5 од 29.08.2023, каде се дадени задолженија за поголем број на државни институции за преземање на соодветни активности секој во рамките на своите надлежности, а по однос на обезбедување на услови за систематичен и аналитичен начин на постапување при планирање, проектирање, градење и реконструкција на патни делници.

3.1.2. Врз основа на препораката извршена е корекција на позициите во даночниот биланс и извршена е целосна уплата на помалку пресметаниот данок на износ од 27.525.139 денари на 27.12.2023 година во Буџетот на Република Северна Македонија, за што целокупната документација Ви ја доставуваме во прилог.

Во врска со констатацијата дека одредени позиции во Даночниот биланс погрешно се пресметани, Ве известуваме за следното:

- **Трошоците за организирана исхрана и превоз над износите утврдени со закон** оданочени се во вкупен износ за организиран превоз на вработените на наплатните станици, без да се намали за износите утврдени со закон, поради специфичниот начин на пресметка, односно не може да се утврди цената на билетот за одредена релација, за која не постои јавен превоз. Исто така, не може да се утврди точно колку чини билет за јавен превоз на секој вработен од местото на живеење до наплатната станица на која работи, затоа што се вршат преместувања на вработените од една на друга наплатна станица, што претставува дополнително усложнување и неможност на точна пресметка, поради што е речиси неможно да се квантифицира можната разлика со оданочениот износ. Би сакале да нагласиме дека и ефектот од ваквата разлика не е материјално значаен во вкупните финансиски извештаи.

3.1.3. Согласно препораката и член 10 став 10 од Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, пред започнување на пописот за 2023 година, изработен е план за пописните активности од страна на пописните комисии.

- Ве известуваме дека во Извештајот за извршениот попис дадени се посебни листи за овие средства, кои ги доставуваме во прилог, а се однесуваат на Вашата констатација дека средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност и слично, не се попишани на посебни пописни листи.

- Согласно член 7 став 1 точка 2 од Правилникот, секоја година се обезбедуваат писмени потврди за салдата на обврските спрема кредиторот, и истите Ви ги доставуваме во прилог, а се однесуваат на Вашата констатација дека пописната комисија нема побарано писмена потврда од кредиторот за потврдување на салдото.

3.1.5. Ве известуваме дека редовно се следи застареноста на побарувањата, односно од страна на надлежните лица преземени се сите законски мерки за наплата и за побарувањата издадени се налози за извршувања од страна на надлежен извршител. Постапката за извршување, согласно Законот за извршување се води пред надлежен извршител и доколку во некој од случаите настапила застареност за истото потребно е извршителот да донесе соодветен акт. Досега нема такви случаи, што значи не може да се врши отпишување на ненаплатените побарувања.

3.1.6. ЈП за државни патишта ќе донесе интерен акт – Процедури за начинот на набавки, прием и издавање на материјалите и ситниот инвентар на залиха и ќе воспостави целосно и навремено евидентирање на залихите во сметководствена и материјална евиденција при приемот и издавањето на материјалите и ситниот инвентар, врз основа на веродостојни сметководствени документи.

3.1.7. Во врска со препораката, Ве известуваме дека во текот на 2022 година по основ на јубилејни награди исплатени се средства во зголемен износ споредено со други години, поради тоа што во 2012 година од ЈП Македонијапат беа преземени 250 вработени на наплатните станици, а поголемиот дел од нив или 170 вработени во текот на 2022 година ги исполнија условите за исплата на јубилејна награда, поради што исплатени се 5,5 мил. денари за оваа намена. Претпријатието ја разгледа оваа забелешка, имајќи во предвид дека во претходните години, средствата за исплата на јубилејните награди и отпремнините е во значително помал износ споредено со 2022 година, не се вршени резервирања за правата на вработените за јубилејни награди и отпремнина, поради тоа што ефектот не е материјално значаен во вкупните финансиски извештаи.

3.2 Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи, направената анализа како и дадената препорака не соодветствува со законските надлежности на Јавното претпријатие за државни патишта. Имено, во дадените препораки – 10 и 11 од Конечниот извештај од ревизија на успешност „Задолжување на субјектите од јавниот сектор, степен на искористеност на кредитите и заемите и платени створени трошоци" број 0220210009, точно се наведени кои државни институции изготвуваат и донесуваат Стратегија за развој и одржување на државните патишта и Петгодишна програма за развој и одржување на државните патишта.

3.2.2. По однос на препораката од оваа потточка сакаме да наведеме дека по целосно завршување на проектите, Јавното претпријатие за државни патишта ја подготвува целокупната потребна документација за добивање на одобренија за употреба на градбите, но во одредени случаи наидуваме на пречки и неможност за постапување поради различно толкување на законски одредби од страна на различни институции инволвирани во процесот. Во текот на вршењето на ревизијата од наша страна беа презентирани низа случаи за различно постапување на надлежните институции.

3.2.3. Во врска со препораката за редовно, навремено и точно распоредување на средствата на општините по основ на остварените приходи од патна такса, Ве известуваме дека ЈП за државни патишта врши трансферирање на средствата на општините врз основа на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта, за која согласност дава Владата на Република Северна Македонија. Врз основа на предвидените средства во


ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

Годишната програма и утврдени критериуми се врши распределба на средствата на општините и градот Скопје за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици. Претпријатието не може да воспостави сметководствена евиденција на обврски кон општините за оние средства кои не се распределени, поради тоа што истите не се предвидени во Годишната програма.

Освен трансферирање на средства на општините, во периодот од 2008 до 2016 година реализирани се инвестиции во локални патишта во износ од 4.227.687 илјади денари. Изградбата е финансирана преку заеми од Светска банка и ЕБОР, кои се сервисираат од страна на ЈП за државни патишта, а се однесуваат на вложувања во локални патишта кои се во надлежност на општините. Инвестициите се на терет на јавното претпријатие преку отплата на заемите (средствата од заемите се потрошени за градба и дел од сопствени средства за надзор и ДДВ).

Износот инвестиран во локалните патишта преку наведените заеми се уште е повисок од 3.580.588 илјади денари, кои се наведени како разлика на помалку трансферирани средства на општините.

3.2.4. Во Наодот бр. 3.2.4, алинеја 1 се укажува на состојби поврзани со систематизацијата и пополнетоста на работните места во Одделението за внатрешна ревизија и реализацијата на Годишниот план за внатрешна ревизија.

Во последната реченица од алинеја 1 е наведено "оваа состојба не е во согласност со ЗЈВФК и влијае на квалитетно, целосно и навремено реализирање на активностите на одделението за внатрешна ревизија".

Притоа не е јасно дали оваа констатација се однесува на двете состојби, односно потребно е да се прецизира дека констатацијата се однесува на делот за систематизацијата и пополнетоста на работните места.

Во поглед на делот за реализацијата на Годишниот план за внатрешна ревизија, Одделението за внатрешна ревизија укажува дека согласно Годишниот план за внатрешна ревизија бр. 11-13144/2 од 19.12.2021 год. (кој е доставен во прилог), во 2022 година се планирани две точно утврдени ревизии и трета ревизија која е на барање на директорот на Јавното претпријатие, односно се работи за тн. ad-hoc ревизија. Во 2022 година се извршени двете планирани ревизии, додека ad-hoc ревизијата не е извршена, поради тоа што немаше барање за вршење на ревизија од страна на директорот. Истото е наведено во Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за 2022 година кој е доставен до УО и до Владата на РСМ. (во Стратешкиот и Годишниот план, Внатрешната ревизија секоја година планира Ревизија по барање на директорот на ЈПДП -ad-hoc ревизија, доколку има барање од страна на директорот, истата се реализира.)

Во Наодот бр. 3.2.4, алинеја 2 се укажува на условите кои треба да ги исполни раководителот на единицата за внатрешна ревизија, при што се констатира дека состојбата не е во согласност со членовите 35 и 36 од ЗЈВФК и Стандардот 3 од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор.

Одделението за внатрешна ревизија укажува дека Раководителот на Одделението за внатрешна ревизија ја има поминато обуката за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор, но не можел да се стекне со сертификат бидејќи испит за овластен внатрешен ревизор во РСМ не е организиран од 2017 година, односно се работи за неможност за спроведување на законот.
Во поглед на компетентноста, истиот има 18,5 години искуство во внатрешната ревизија, од кои 13 години како раководител на единица за внатрешна ревизија, над 45 извршени ревизии, 18 Годишни Планови и Стратешки план изготвени согласно Законот, од кои 1 во ДКЖЈН, 2 ревизии во ДКЖЈН, 2 пилот ревизи екипно за ИПА во Агенција за државни патишта и МЖЦПП, 2 ревизи како тим во Министерство за Правда и УЈП, и има посетено бројни обуки и стекнати сертификати, кои ги доставуваме во прилог.

3.2.5. По однос на оваа потточка, сакаме да наведеме дека не е точна наведената констатација, со оглед дека истата се однесува за ограничувања на приватните агенции за вработување. Имено, согласно член 24 од Законот за приватните агенции за вработување, приватната агенција за вработување со лиценца за привремени вработувања, врз основа на договор за отстапување на работник на работодавачот корисник, отстапува работник за вршење на привремени работи во следниве случаи:

- замена на привремено отсутен работник,
- привремено зголемен обем на работа,
- сезонска работа,
- работа на проект,
- специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на работодавачот корисник или
- непредвидливи краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на работодавачот корисник, со вршење на краткотрајни вработувања.

Договор за отстапување на работник за вршење на исти привремени работи може да се склучи за време додека трае потребата, но не подолго од две години, со или без прекин. Приватната агенција за вработување не смее да отстапува работник за вршење на исти работи кај ист работодавач подолго од две години, со или без прекин. Оттука произлегува дека Приватната агенција за вработување е должна да внимава дали еден ист работник е отстапен за вршење на исти работи кај ист работодавач подолго од две години, со или без прекин. Исто така сакаме да наведеме дека заклучно со 2023 година во Јавното претпријатие за државни патишта не е склучен договор со иста Приватна агенција за вработување подолго од две години. Што се однесува пак до препораката за добивање согласност за обезбедени финансиски средства за соодветно екипирање на Одделението за наплата на патарина и контрола, сакаме да наведеме дека на крајот на 2023 година од страна на Министерството за финансии дадена е

согласност за вработување на 158 лица на неопределено време и во тек се постапките по веќе објавените јавни огласи за вработување.

4.2. По однос на констатацијата, која се однесува на неизвесност на исходите по однос на тековните судски постапки како и по однос на финансиските импликации кои ќе ги предизвикаат врз работењето на претпријатието во идниот период, истакнуваме дека за сите судски предмети за кои сметаме дека е неизвесен исходот имаме направено резервација на финансиски средства за евентуална исплата по правосилно завршување на предметот. Оттука произлегува дека не постои неизвесност за финансиски импликации врз работењето на претпријатието во идниот период.

Согласно преземените активности на ЈП за државни патишта, Ве молиме да ги земете во предвид наведените забелешки и приложената документација при изготвувањето на Конечниот извештај.

Со почит,

ДИРЕКТОР,
Ejup Rustemi

Прилог:
- Извадок од нацрт записникот од 181 седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 29.08.2023 година број 41-1438/5 од 29.08.2023
- Документација за корекција на ДБ и извршена уплата
- Пописни листи за отпис
- Писмени потврди за салдата на обврските спрема кредиторот

Подготвиле: Игор Митренцев
Илир Хоџа
Сузана Атанасова
Татјана Миновска

ПРИЛОГ БРОЈ 6

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки број 02-854/1 од 18.01.2024 година на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавното претпријатие за државни патишта, од страна на г. Ејуп Рустеми, директор на јавното претпријатие, заведени во Државниот завод за ревизија под број 19-83/1 од 18.01.2024 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.1**., во делот на недостаток на системски и аналитичен пристап и недоволна подготвеност при планирање, проектирање, градење и реконструкција на патни делници низ државата, што предизвикува зголемување на вредноста на склучените договори и пролонгирање на роковите за изградба, како и за воспоставена евиденција на материјалните средства во подготовка без соодветна документација, поради што не може да се потврди потребата од набавка и нивната употребна вредност **не се прифќа.** Имено, доставената забелешка се однесува на наведениот критериум од член 13 од Законот за јавните претпријатија, со кој е уредено дека претпријатието својата дејност треба да ја врши ефикасно и на начин што обезбедува заштита и унапредување на добрата од општ интерес и истиот е во релација со наведените состојби.
   Останатиот дел од забелешката претставува коментар по однос на дадената препорака, а се однесува на Изводокот од Нацрт записникот од 181-вата седница на Владата број 41-1438/5 од 29.08.2023 година, кој и Овластениот државен ревизор го имаше во предвид при вршењето на ревизијата и истиот не влијае на менување на препораката.

2. Забелешката на утврдената состојба во **точка 3.1.2.** која се однесува на погрешно пресметани непризнаени расходи за даночни цели во вкупен износ од 27.525 илјади денари претставува **известување** за преземените мерки по дадената препорака во втората алинеја од оваа точката. Имајќи во предвид дека од страна на овластениот застапник на јавното претпријатие доставени се докази дека на 27 декември 2023 година во Буџетот на Република Северна Македонија уплатен е помалку пресметаниот данок, преземената мерка соодветно ќе биде обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, а препораката прилагодена. Во останатиот дел од забелешката, наведени се причините поради

кои позицијата „Трошоци за организирана исхрана и превоз над износите утврдени со закон“ во Даночниот биланс погрешно е пресметана, а кои Овластениот државен ревизор веќе ги има обелоденето во Нацрт извештајот.

3. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.3.** која се однесува на неправилно и нецелосно извршениот попис на средствата чија вредност е намалена поради оштетување, неисправност, застареност, како и на обврските спрема кредиторите, преку обезбедување на писмени потврди од нив **не се прифаќа**, од причина што не се доставени дополнителни докази кои влијаат на промена на утврдената состојба.

4. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.5.**, која се однесува на неизвршено вредносно усогласување на ненаплатени побарувања претставува **известување** за преземени мерки за наплата, односно за издадени налози за извршување кај нотар, што е констатирано и во издадениот Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор.

5. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.6.**, која се однесува на недонесена процедура за уредување на начинот на набавки, прием и издавање на материјалите и ситниот инвентар на залиха и несоодветно воспоставена евиденција, претставува **известување** за идни активности кои јавното претпријатие планира да ги спроведе за постапување по дадените препораки.

6. Забелешката на препораката во **точката 3.1.7.**, која се однесува на потребата од преземање мерки и активности за соодветен третман и евидентирање на бенефициите на вработените кои се исплаќаат во текот и по престанок на работниот однос и нивно разграничување во периодот кога истите се случуваат **не се прифаќа** од причина што за истата не се доставени нови докази кои влијаат на менување на утврдената состојба. Доставената забелешка истовремено претставува известување за причините поради кои износот во 2022 година бил значително поголем во однос на претходните години, што не го оправдува непостапувањето според Правилникот за водење на сметководство МСС 19 - Користи за вработените.

7. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.1.** која се однесува на недоставен предлог и недонесена петгодишна програма за определување на развојот и одржувањето на државните патишта, **не се прифаќа**. Имено, во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор наведено е непостапување согласно член 14 став 2 од Законот за јавните патишта, со кој е пропишано дека за извршување на работите од јавен интерес - планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштитата на јавните патишта Владата, на предлог на јавното претпријатие треба да донесе петгодишна програма со која се

определува развојот и одржувањето на државните патишта, а во согласност со Стратегијата за развој и одржување на државните патишта.

8. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.2.** која се однесува на необезбедени одобренија за употреба за линиските инфраструктурни објекти претставува **известување** за причините поради кои е отежнато обезбедувањето на овие документи што соодветно е обелоденето и во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

9. Забелешките на утврдените состојби во **точката 3.2.3.** кои се однесуваат на навремено и целосно сметководствено евидентирање на остварените приходи од патна такса и обврски спрема општините претставува **известување** со кое се потврдува констатираната состојба во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

10. Забелешките на утврдените состојби во **точката 3.2.4** кои се однесуваат на неисполнетите законски услови за минимален број на вработени во единицата за внатрешна ревизија и за раководителот на единицата за внатрешна ревизија во делот на поседување на уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор или меѓународно признат ревизорски сертификат **не се прифаќа,** од причина што не претставува доставување на нови докази кои влијаат на менување на утврдената состојба.

11. Забелешката на **точката 3.2.5.** која се однесува на ангажирање на привремени вработени преку приватна агенција **не се прифаќа** од причина што не се доставени нови докази кои влијаат на менување на утврдената состојба. Истовремено со забелешката доставено е известување дека на крајот на 2023 година, од страна на надлежното министерство добиена е согласност за вработување на 158 лица на неопределено време и во тек е постапка за нивно вработување.

12. Забелешката на **точката 4.2.**, која се однесува на судските постапки кои се водат пред надлежните судови, каде ЈП за државни патишта се јавува во својство на тужена страна и тужител претставува **известување** за дел од наведените судски постапки. Напоменуваме дека оваа состојба во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор е наведена во точката „Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет„ ,исходот од судските постапки не е познат и постои неизвесност во однос на финансиските импликации кои тие може да ги предизвикаат врз работењето на претпријатието во идниот период. Овие состојби не влијаат на даденото мислење во ревизорскиот извештај.